РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 08-205
10.07.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а во врска со член 70 став 7 и став 8 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 23 и член 41 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3632/1 од 22.8.2025 г., постапувајќи по Писменото барање, арх.бр.08-1667/1 од 6.4.2026 г. од заинтересирана страна, физичкото лице Билјана Милкова од Кавадарци, а согласно Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на општина Кавадарци, арх.бр.08-2679/1 од 6.7.2026 г. и Заклучокот арх.бр.02-2697/3 од 9.7.2026 година, на 25 седница одржана на 9.7.2026 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за одбивање на барањето за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Кавадарци

1. СЕ ОДБИВА Писменото барање, арх.бр.08-1667/1 од 6.4.2026 г. од заинтересираната страна, физичкото лице Билјана Милкова од Кавадарци, за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на музичко-говорно радио на локално ниво, на подрачјето на општина Кавадарци, од причина што со Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на општина Кавадарци, арх.бр.08-2679/1 од 6.7.2026 г., се утврди дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за музичко-говорно радио на локално ниво, на подрачјето на општина Кавадарци.
2. Одлуката се објавува на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
3. Оваа Одлука е конечна.

## О б р а з л о ж е н и е

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на официјалната електронска адреса (contact@avmu.mk) на 5.2.2026 г., од страна на физичкото лице Оливер Милков од Кавадарци беше побарана информација (арх.бр.08-541/1 од 5.2.2026 г.), дали за општина Кавадарци има слободни фреквенции за музичко радио, кои се потребните документи за поднесување барање за доделување на дозвола, како и за тоа колку чини надоместокот за доделување на дозвола на наведеното подрачје, за што Агенцијата на 4.3.2026 г. по електронски пат му достави одговор.

Во врска со наведеното, Агенцијата, согласно член 70 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) на 9.2.2026 г., до Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) достави Барање на информација за можна слободна фреквенција на подрачјето на град Кавадарци, како и информација за начелни технички параметри врз основа на кои ќе се изработи техничко решение за емитување на радио програма на локално ниво на истото подрачје (наш арх.бр.08-541/2). АЕК, до Агенцијата достави

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18).

Известување арх.бр.0805-452/2 од 23.2.2026 г. (наш арх.бр.08-541/3 од 27.2.2026 г.) дека врз основа на постоечките доделби, анализите на радиопростирањето и мерењата во регионот на градот Кавадарци, начелни параметри според кои треба да се изработи техничко решение за покривање на град Кавадарци се следните: „Локација на предавател: Голем Љубаш, Ефективна израчена моќност: 300 W и Фреквенција: 99.0 MHz.

На 19.3.2026 г., по барање на заинтересираната страна за доделување на дозвола во седиштето на Агенцијата беше одржана средба заради дополнителни појаснувања во однос на целокупната постапка за доделување на дозвола на наведеното подрачје согласно ЗАВМУ, при што му беше посочено дека доколку и понатаму е заинтересиран за доделување на дозвола за радио емитување, на подрачјето на општина Кавадарци, до Агенцијата треба да достави детално образложено писмено барање.

На 6.4.2026 г. на официјалната електронска адреса (contact@avmu.mk) на Агенцијата беше доставено Писмено барање, арх.бр.08-1667/1 од физичкото лице Билјана Милкова од Кавадарци, за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Кавадарци.

Во член 70 став 4 од ЗАВМУ е предвидено дека доколку согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите, се утврди дека има слободни радиофреквенции, Агенцијата ќе изработи студија со која ќе ја утврди оправданоста за објавување на јавен конкурс, а особено од аспект на исполнувањето на целта на овој закон, како и од аспект на потребите на публиката.

Врз основа на наведеното, Агенцијата изработи Студија, арх.бр.08-2679/1 од 6.7.2026 г. за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на општина Кавадарци, за да се утврди оправданоста за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за локално радио на подрачјето на општина Кавадарци, и тоа за музичко-говорно радио, со оглед на тоа дека во доставеното Барање е наведено дека станува збор за радиостаница со музичко-говорен концепт. Студијата се темели на анализа на постојната програмска понуда, анализа на економските перформанси на постојните радиодифузери и на потенцијалот на пазарот. Согласно заклучокот, наодите од Студијата покажуваат дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за музичко-говорно радио на локално ниво на подрачјето на општина Кавадарци. На ова подрачје веќе две радиостаници емитуваат програма (ТРД ГАЛАКСИ-2002 ДООЕЛ Кавадарци и ТРД РАДИО КАВАДАРЦИ ДОО Кавадарци) и двете се музичко-говорни радија од општ формат кои нудат разновидна музика и се ориентирани кон различни целни групи на слушатели. Согласно Студијата, двете радиостаници иако имаат ист формат – музичко-говорно радио, имаат сосема различен музички концепт и на публиката ѝ обезбедуваат разновидна музичка понуда, како и постојната програмска понуда што ја обезбедуваат двете радиостаници заедно опфаќа разновидни говорни содржини. Економската анализа покажува дека пазарот стагнира и дека има ограничен капацитет за да обезбеди одржливо финансирање. Анализата на демографските, економските и финансиските показатели укажува дека локалниот радиски пазар на подрачјето на општина Кавадарци располага со ограничен реален капацитет - тој се темели на потенцијална публика од 35.773 жители и база од 1.674 активни деловни субјекти како потенцијални огласувачи, и дека приходите што од комерцијално рекламирање ги остваруваат постојните радиостаници не бележат континуиран раст туку во последната анализирана година се намалуваат, а двете радиостаници остваруваат минимални добивки. Поднесеното барање се однесува за музичко-говорно радио, програмски сервис кој не се разликува од програмските концепти на веќе постоечките радија. Доделување на уште една дозвола за истиот формат нема да ја зголеми разновидноста на програмската понуда. Студијата е објавена на веб страницата на Агенцијата на 6.7.2026 г.[2]

Членот 70 став 7 од ЗАВМУ пропишува дека доколку со студијата од став 4 на член 70 од истиот Закон се утврди дека нема оправданост за објавување на јавен

---

2 https://avmu.mk/wp-content/uploads

конкурс, Агенцијата во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на студијата ќе донесе одлука со која ќе го одбие барањето од став 1 на член 70 од истиот Закон.

Следствено на сето погоре образложено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 10 од ЗАВМУ, а во врска со член 70 став 7 и став 8 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 23 и член 41 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, постапувајќи по Писменото барање, арх.бр.08-1667/1 од 6.4.2026 г. од заинтересирана страна, физичкото лице Билјана Милкова од Кавадарци, а согласно Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на општина Кавадарци, арх.бр.08-2679/1 од 6.7.2026 г. и Заклучокот арх.бр.02-2697/3 од 9.7.2026 г., Советот на Агенцијата на 25 седница одржана на 9.7.2026 г., донесе Одлука со која се одбива предметното Писмено барање од заинтересираната страна, од причина што со цитираната Студија се утврди дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за музичко-говорно радио на локално ниво, на подрачјето на општина Кавадарци.

Врз основа на наведеното, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот. Одлуката е конечна, а против истата може да се поднесе тужба пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Одлуката ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на совет,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Оваа одлука е конечна, а против истата може да се поднесе тужба пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Примерок од Одлуката да се достави до:**

- Подносителот на барањето/заинтересирана страна, Билјана Милкова од Кавадарци;
- Директорот на Агенцијата;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи;
- Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права;
- Агенцијата за електронски комуникации;
- назначените лица за водење на Уписникот за предметите по првостепената постапка во Агенцијата (Уп1) / Архива на Агенцијата.